**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** УП1 11-315
**17.07.2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1, а во врска со член 143 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14) и Извештајот од вонредниот програмски надзор на **Друштвото за услуги производство и трговија Пела Дигитал 2008 ДООЕЛ увоз-извоз Струга** бр. 11-3736/1 од 14.07.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на програмскиот сервис на домашен радиодифузер, надвор од сервисната зона за која радиодифузерот ја има добиено дозволата за телевизиско емитување од страна на **Друштвото за услуги производство и трговија Пела Дигитал 2008 ДООЕЛ увоз-извоз Струга**, в.д. Директорот на Агенцијата на ден 17.07.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање на мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, **Друштво за услуги производство и трговија Пела Дигитал 2008 ДООЕЛ увоз-извоз Струга**, заради повреда на член 143 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), сторена на ден 11.07.2014 година, односно поради реемитување на програмскиот сервис на домашниот радиодифузер ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, со дозвола за емитување на подрачјето на општина Охрид и Дебарца, надвор од сервисната зона за која радиодифузерот ја има добиено дозволата за телевизиско емитување.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на **Друштвото за услуги производство и трговија Пела Дигитал 2008 ДООЕЛ увоз-извоз Струга** веднаш по приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со член 143 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), односно да престане со реемитување на програмскиот сервис на домашниот радиодифузер ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, со дозвола за емитување на подрачјето на општина Охрид и Дебарца.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 11.07.2014 година, изврши програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет на операторот **Пела Дигитал 2008 ДООЕЛ увоз-извоз Струга**, при што констатираше дека е направена повреда на член 143 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), на начин што **Друштвото за услуги производство и трговија Пела Дигитал 2008 ДООЕЛ увоз-извоз Струга**, реемитувало програмски сервис на домашен радиодифузер надвор од сервисната зона за која радиодифузерот ја има добиено дозволата за телевизиско емитување. Повредата се состои од реемитување на програмскиот сервис на домашниот радиодифузер ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ со дозвола за емитување на подрачјето на општина Охрид и Дебарца, надвор од сервисната зона за која радиодифузерот ја има добиено дозволата за телевизиско емитување.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1 а во врска со член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот бр. 11-3736/1 од 14.07.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, в.д Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за преземење мерка-опомена, со цел исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис на домашниот радиодифузер ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ и усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Агенцијата му наложи на операторот исклучувањето да го изврши веднаш по приемот на решението и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Исто така, ќе се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали **Друштвото за услуги производство и трговија Пела Дигитал 2008 ДООЕЛ увоз-извоз Струга**, постапило по налогот односно опомената и престанал со реемитување на програмскиот сервис на домашниот радиодифузер надвор од сервисната зона за која радиодифузерот ја има добиено дозволата за телевизиско емитување, а е наведен во точка 1 и 2 на ова решение.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**в.д Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Друштвото за услуги производство и трговија Пела Дигитал 2008 ДООЕЛ увоз-извоз Струга;
- Управителот на Друштвото за услуги производство и трговија Пела Дигитал 2008 ДООЕЛ увоз-извоз Струга;
- Раководител на Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.